Јавно Комунално Претпријатие
БРЕГАЛНИЦА ПО
Бр. 0101 – 121/1
19.04 2019 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Управниот одбор на ЈКП БРЕГАЛНИЦА-Делчево на седницата одржана на ден 19.04.2019 година донесе:

# С Т А Т У Т

## НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

## БРЕГАЛНИЦА - ДЕЛЧЕВО

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут поблиску се уредуваат организацијата, управувањето и раководењето со јавното претпријатие, дејностите, општите акти и постапката за нивно донесување, како и други прашања од значење за јавното претпријатие.

### Член 2

Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА од Делчево е основано заради вршење на дејност од комуналната област која е од јавен интерес.

Јавното претпријатие дејноста ја врши трајно и без прекин, а неговата работа е јавна и транспарентна и претставува незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Делчево.

Јавното претпријатие има својство на правно лице со своја жиро сметка, а за превземените обврски во правниот промет одговара со сиот свој имот-потполна одговорност.

## II. ОСНОВАЊЕ

**Член 3**

Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА од Делчево е основано со Решение на Собранието на Општина Делчево број 01-4476/1 од 10.11.1966 година како Установа за комунални услуги и е запишано во судскиот регистар со Решение на Окружниот стопански суд во Штип, Ус. Бр. 122/66 од 22,12,1966 година..

Со Одлука на Собранието на Општина Делчево број 0101-924 од 27,11,1989 година Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево е организарано како јавно претпријатие за комунални дејности.

## III. ФИРМА, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ И ДЕЈНОСТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Фирма**

**Член 4**

Називот на јавното претпријатие гласи: Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА ПО Делчево.

Скратеното име на јавното претпријатие гласи: ЈКП БРЕГАЛНИЦА-Делчево.

**Седиште**

**Член 5**

Седиштето на јавното претпријатие се наоѓа на улица „Методи Митевски-Брицо" бр.36 во Делчево.

**Печат и штембил**

**Член 6**

Јавното претпријатие има свој печат и штембил.

Печатот има форма на круг со пречник од 3 цм. со текст испишан на кирилица (печатни букви) кој гласи: Јавно Комунално Претпријатие „БРЕГАЛНИЦА" ПО -Делчево.

**Член 7**

Штембилот на јавното претпријатие има правоаголна форма со димензии 50x25мм, со испишан текст на името на претпријатието: Јавно Комунално Претпријатие „БРЕГАЛНИЦА" ПО - Делчево, со место за број и датум.

**Член 8**

Начинот на употреба, ракување, чување и одговорност од злоупотреба на печатот и штембилот ќе се регулира со посебен акт во согласност со закон.

**Дејности**

**Член 9**

Основна (приоритетна) дејност на јавното претпријатие е:

36.00 - Собирање, обработка и снабдување со вода

Покрај основната дејност јавното претпријатие во рамките на својот делокруг на работење ќе ги врши следниве дејности:

37.00 - Отстранување на отпадни води

38.11 - Собирање на безопасен отпад

38.21 - Обработка и отстранување на безопасен отпад

38.32 - Обновување на посебно издвоени материјали

39.00 - Дејности за санација и останати услуги за управување со отпад

42.21 - Изградба на комунални објекти за течности

42,91 - Изградба на хидроградежни објекти

43.22 - Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди

68.20 -Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)

68.32 - Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор

81.10 - Комбинирaни помошни дејности на објектите

81.22 - Останати дејности на чистење на згради и објекти

81.30 - Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина

96.03 - Погребни и слични дејности (управител на гробишта)

96.09 - Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место

Јавното претпријатие ќе ги врши и следните дополнителни дејности согласно Законот за комунални дејности:

- одржување и користење на јавните пазари на големо и мало
- одржување на спортски и рекреативни објекти
- одржување на јавната чистота во Општина Делчево
- изградба и одржување на јавно осветлување на подрачјето на општината и други електро инсталатерски работи
- изградба, одржување и користење на јавни паркиралишта од значење за општината, утврдени со урбанистичкиот план
- работи на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта
- одржување на сообраќајната сигнализација на улици и општински патишта
- одржување и уредување на паркови, речни корита и јавни зелени површини
- отстранување на хаварисани моторни и други возила од јавните површини
- изградба и одржување на јавни санитарни јазли
- чистење на индивидуални септички јами
- оџачарски работи, чистење на оџаци и опрема за одведување на чад
- завршни градежни работи во рамки на делувањето на јавното претпријатие
- крпење на ударни дупки, прекопи на улици и јавни површини и друго
- изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на друго место (пристапни патеки, тротоари и сл.)

**Член 10**

Во извршувањето на дејностите јавното претпријатие ќе ги почитува следниве принципи: сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугите, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.

## IV. ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### Член 11

Органи на јавното претпријатие се:

- Управен одбор

- Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и

- Директор

### Управен одбор

### Член 12

Орган на управување на јавното претпријатие е Управниот одбор.

Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од 5 (пет) членови.

Во Управниот одбор, Советот на Општина Делчево именува, односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

За претседател и член на управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

- има минимум три години работно искуство,

Мандатот на членовите на управниот одбор трае 4 (четири) години.

Функцијата член на управниот одбор е неспојлива со функцијата пратеник во Собранието и функциите претседател и членови на Владата , како и член на Советот и градоначалник на општината.

## Член 13

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот на Управниот одбор кој се избира од редот на членовите на одборот, а во случај на негово отсуство или спреченост го заменува неговиот заменик.

Претседателот на управниот одбор и Заменик Претседателот се избираат на предлог на членовите на одборот, со јавно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот.

## Член 14

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на управниот одбор.

Секој член на управниот одбор при гласањето брои еден глас.

Одлуките на управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на управниот одбор.

Работата и начинот на одлучување на Управниот одбор поблиску се уредуваат со Деловник за работа на Управниот одбор.

## Член 15

Управниот одбор ги врши следните работи:

1. донесува Статут на јавното претпријатие и врши негови измени и дополнувања;
2. усвојува Програма за работа и развој на јавното претпријатие;
3. ја утврдува деловната политка на јавното претпријатие;
4. ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
5. одлучува за средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и начинот на покривањето на загубите;
6. донесува одлуки за инвестиционо вложување;
7. ги утврдува цените на производите и услугите што ги дава јавното претпријатие;
8. одлучува за внатрешната организациона поставеност на јавното претпријатие;
9. го донесува Актот за систематизација на работните места во јавното претпријатие;

10. го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријати
11. донесува програми, планови, одлуки и други акти од областа на работењето;
12. одлучува во втор степен по споровите од работен однос;
13. ги донесува општите акти на јавното претпријатие;
14. склучува колективни договори на ниво на претпријатие;
15. одлучува за службени патувања во странство;
16. врши други работи во согласност со Законот за јавни претпријатија и Законот за комунални дејности, Статутот и опШтите акти на претпријатието;.

**Член 16**

Членовите на управниот одбор ако донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие и со која се нанесува штета, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука.

Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

## Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење

**Член 17**

За вршење контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие се формира надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење, составен од 5 члена.

Членовите на надзорниот одбор ги именува и разрешува Советот со мандат од 4(четири) години.

**Член 18**

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

- има минимум три години работно искуство,

- поседува знаење и исуство особено од областа на финансиското и сметководственото работење.

Функцијата член на надзорниот одбор е неспојлива со функцијата пратеник во Собранието и функциите претседател и членови на Владата , како и член на Советот и градоначалник на општината.

**Член 19**

Членовите на надзорниот одбор може да присуствуваат на седниците на управниот одбор доколку управниот одбор тоа го побара од нив и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат и на членовите на управниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително ги прегледува годишните сметки и извештаи за работа на јавното претпријатие и дава свое мислење до управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор.

**Член 20**

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

**Член 21**

Членовите на надзорниот одбор, ако донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука.

Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

**Член 22**

Јавното претпријатие не може на претседателот или член на управниот одбор, на претседателот или на член на надзорниот одбор или на директорот на јавното претпријатие да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.

Преземената обврска спротивно на став 1 од овој член е ништовна и без правно дејство.

## Директор

### Член 23

Со работата на јавното претпријатие раководи директор кој го избира и разрешува Градоначалникот на Општина Делчево врз основа на јавен конкурс.

Мандат на Директорот трае 4(четири) години..

### Член 24

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

- има минимум пет години работно искуство,

- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (Б2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) -положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода, или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (Б2) ,

- да предложи програма за работа и развој на претпријатието.

Функцијата директор е неспоива со функцијата пратеник на Собранието , функцијата претседател и член во Владата , како и член на Советот и градодначалник на општината.

### Член 25

Директорот на јавното претпријатие ги врши следните работи:

1. го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на управниот одбор;
2. ја предлага Програмата за работа и развој на јавното претпријатие;

3. ја организира работата и се грижи за реализација и спроведување на програмите и плановите;
4. учествува во утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средства и употреба на истите остварени со работењето на јавното претпријатие;
5. врши усогласување на деловната активност на јавното претпријатие;
6. Предлага Правилник за внатрешна организација, Правилник за систематизација на работните места и други опШти акти кои ги донесува Управниот одбор;
7. склучува договори во име на јавното претпријатие;
8. ги информира работниците за целокупното работење на јавното претпријатие;
9. донесува одлука за работно време и План за користење на годишен одмор на работниците;
10. одобрува службени патувања во земјата;
11. решава за распоредување на работниците и за други права од работен однос во прв степен;
12. поднесува извештај за резултатите од работењето на јавното претпријатие по периодични извештаи и годишни пресметки;
13. донесува одлуки за потреба од засновање работен однос, за престанок на работен однос и изрекува дисциплински мерки за повреда на работните обврски согласно закон и колективен договор;
14. ги именува и разрешува работниците со посебни овластувања и одговорности;
15. самостојно донесува одлуки и врши други работи во согласност со закон и актите на претпријатието.

**Член 26**

Директорот на јавното претпријатие е должен да доставува тримесечни извештаи до Советот кои ќе содржат показатели за финансиското работење.

Ако во извештајот за работа се утврдат недостатоци или загуби во финансиското работење директорот е должен истите да ги отстрани во наредните шест месеци.

Директорот е должен да ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.

**Член 27**

Директорот на јавното претпријатие за својата работа одговара пред градоначалникот.

Директорот склучува договор со градоначалникот на општината за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон.

**Член 28**

Директорот го застапува и претставува јавното претпријатие во правниот промет и како застапник е овластен во рамките на дејноста на јавното претпријатие да склучува договори и спогодби кои се во функција на остварување на работата во претпријатието.

За склучување одредени договори и спогодби кои се однесуваат на поголеми инвестициони вложувања, како и за набавка и отуѓување на основни средства, директорот треба да побара согласност од Управниот одбор.

**Член 29**

Во случај на отсуство или евентуална спреченост да ја врши својата функција, директорот овластува лице од редот на вработените во јавното претпријатие кое го заменува и го води тековното работење во границите на овластувањата на директорот што се утврдени со закон и статут.

**Член 30**

За одредени работи и работни задолженија директорот издава полномоштва во писмена форма на други стручни лица, а особено заради застапување пред судските и други органи.

Полномошникот го застапува јавното претпријатие само во границите на полномошното.

**Член 31**

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот, во следните случаи:

- на негово лично барање;

- ако не работи и постапува според закон, статут, и актите на јавното претпријатие и не ги спроведува одлуките на управниот одбор и програмата за работа или постапува во спротивност на нив;

- ако не достави извештај за материјално-финансиското работење;

- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на јавното претпријатие;

- ако со правосилна одлука му е изречена казна затвор заради кражба, измама, издавање на чек без покритие, злоупотреба на довербата, фалсификат, лажна изјава дадена под заклетва и

- во други случаи утврдени со закон.

**Член 32**

Во случај на разрешување на директорот пред истек на мандатот до избор на нов директор, Градоначалникот во рок од 5 дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста директор.

Вршителот на должноста директор ги врши работите до изборот на нов директор но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

## Други органи и тела

**Член 33**

За остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците во јавното претпријатие се формираат помошни органи и тела - комисии кои можат да бидат постојани и повремени.

Во јавното претпријатие се формираат следните постојани комисии:

-Комисија за контрола на боледувањата.

-Комисија за утврдување одговорност за сторена повреда на работни обврски.

-Комисија за утврдување на материјална одговорност за сторена штета.

-Комисија за обезбедување заштита при работа и заштита на човековата средина.

-Комисија за заштита и спасување.

Во случај на потреба се формираат и други времени комисии.

**Член 34**

Комисиите ги формира Управниот одбор и Директорот , секој во доменот на своите надлежности и овластувања.

Секоја комисија ја сочинуваат најмалку 3 (тројца) членови.

Комисијата од своите редови избира претседател и заменик претседател.

Комисијата ја свикува и со неа раководи претседателот односно заменик претседателот.

Комисијата работи на седница и одлучува во прв степен.

Членовите на комисиите се избираат за време од 4 години со можност за повторен избор.

**Член 35**

Директорот на јавното претпријатие формира стручен колегиум како советодавен стручен и оперативен орган.

Со колегиумот раководи и истиот го свикува директорот на јавното претпријатие.

**Внатрешна организација на јавното претпријатие**

**Член 36**

Внатрешната организациона поставеност на јавното претпријатие ќе се организира во:

- Сектори
- Одделенија
- Оддели

**Член 37**

Јавното претпријатие може да основа подружници кои немаат својство на правно лице, но можат да настапуваат во правниот промет во име и за сметка на јавното претпријатие.

Со подружницата раководи раководител што го именува директорот на јавното претпријатие.

## V. ОПШТИ АКТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### Член 38

Општи акти на на јавното претпријатие се:

-Статут

-Колективен договор;

-Правилник за внатрешна организација на јавното претпријатие;

-Правилник за систематизација на работните места;

-Правилник за плати;

-Правилник за заштита при работа;

-Правилник за работен ред и дисциплина;

-Други акти согласно закон.

Актите на јавното претпријатие ги донесува и толкува управниот одбор.

Актите мора да бидат во согласност со статутот на јавното претпријатие.

## VI. ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

### Член 39

Управниот одбор и директорот се одговорни за редовно, вистинито и навремено информирање на работниците за севкупното работење на јавното претпријатие за остварувањето и распределба на добивката, на располагањето, користењето и здружувањето на средствата, како и за други прашања од значење за работата на работниците и на јавното претпријатие во целина.

Работниците се информираат преку огласна табла на јавното претпријатие и други средства за информирање.

## VII. ПОЛОЖБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### Член 40

Вработените во јавното претпријатие кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста заради која е основано јавното претпријатие имаат статус на административни службеници и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и колективните договори.

Вработените во јавното претпријатие кои вршат работи од дејноста заради која е основано јавното претпријатие имаат статус на даватели на јавни услуги, и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за вработени во јавен сектор и колективните договори.

Вработените во јавното претпријатие кои вршат помошно-технички работи со кои се овозможува непречено функционирање на јавното претпријатие имаат статус на помошно-технички лица и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за вработени во јавен сектор и општите прописи за работни односи.

## VIII. КОНТРОЛА НАД ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### Член 41

Работењето на јавното претпријатие подлежи на економско-финансиска контрола уредена со посебен закон.

## IX. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВИШОКОТ НА СРЕДСТВА ОД РАБОТЕЊЕТО И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### Член 42

Јавното претпријатие го води своето материјално-финансиско работење според меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.

### Член 43

Советот на општината, вишокот на средства остварени од работењето на јавното претпријатие го вложува во јавното претпријатие врз основа на детални финансиски планови.

### Член 44

Јавното претпријатие е должно годишно да изработува детални финансиски планови кои ќе ги содржат сите приходи и расходи на јавното претпријатие, инвестициите со динамиката на нивно реализирање.

## X. СТАТУСНИ ПРОМЕНИ

### Член 45

Советот на општината може да одлучи јавното претпријатие да се припои кон друго јавно претпријатие, две или повеќе јавни претпријатија да се спојат во едно или јавното претпријатие да се подели на две или повеќе јавни претпријатија.

Советот на општината може да одлучи дел од јавното претпријатие (организациона единица) да се припои кон друго јавно претпријатие или да се организира како самостојно јавно претпријатие.

## XI. ЗАШТИТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### Член 46

Во случај на нарушување на работењето, односно вршењето на дејноста на јавното претпријатие или ако јавното претпријатие не ги извршува со закон утврдените обврски, а што не е последица на неизвршувањето на обврските од страна на основачот утврдени со актот за основање, основачот може да презема мерки со кои се обезбедуваат услови за непречено работење на јавното претпријатие.

### Член 47

Нарушување на работењето на јавното претпријатие се смета дека настапило :

1. Ако со начинот на работење на јавното претпријатие не се обезбедува трајно и непречено вршење на услугитеј, на начин утврден со законот, со што се нанесува штета или може да се насене штета на корисниците
2. Ако со располагањето на средствата се менува основната намена на средствата, и основните услови за работење на јавното претпријатие утврдени во согласност со законот, заради остварување на јавниот интерес , со што суштествено се отежнува вршењето на неговата дејност утврдена со актот за основање и

**Член 48**

Во случај на нарушување на работењето од случаите од член 47, спрема јавното претпријатие, основачот може да ги презема следните мерки :

1. да го распушти управниот одбор
2. да го распушти надзорниот одбор
3. да ја промени организацијата на јавното претпријатие
4. да го запре од извршување актот на јавното претпријатие кој е спротивен на законот
5. да го запре од извршување актот на јавното претпријатие ако го доведува во прашање остварувањето на основните функции на јавното претпријатие и
6. други мерки утврдени со посебен закон со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на одделна дејност од јавен интерес.

Ако биде преземена мерката од точка 1 од овој член, основачот ги пренесува овластувањата на управниот одбор на еден или повеќе претставници кои се именуваат со мандат од најмногу шест месеци.

## XII. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

**Член 49**

Јавното претпријатие е должно без повик од надлежен орган кој раководи со акциите за заштита и спасување, да преземе одредени мерки за заштита и спасување ако постојат или настанат ненадејни опасности и за тоа веднаш и на најбрз начин го извести Центарот за управување со кризи.

**Член 50**

Јавното претпријатие во рамките на својот деловен процес е должно да ги организира заштитата и спасувањето на вработените и имотот, да се подготвувува и да презема превентивни мерки и активности за отстранување на последиците, како и да изврши и други задачи во врска со заштитата и спасувањето.

## XIII. ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 51

Со цел за заштита и унапредување на животната средина управниот одбор на јавното претпријатие донесува програма и соодветни одлуки и мерки, обезбедува средства за таа намена а по потреба формира органи и задодлжува поединци кои ќе се грижат за спроведување на програмата, одлуките и мерките.

## XIV. СИНДИКАТ

### Член 52

Работниците во јавното претпријатие правото на синдикално здружување заради застапување, претставување, унапредување и заштита на своите економски, социјални и други поединечни и колективни интереси ги остваруваат во согласност со Законот за работни односи и Колективниот договор.

## XV. ШТРАЈК

### Член 53

Работниците во јавното претпријатие правото на штрајк го остваруваат согласно Законот за јавни претпријатија и Колективниот договор.

## XVI. ДЕЛОВНА ТАЈНА

### Член 54

Во интерес да се зачува безбедноста и успешното работење на јавното претпријатие, поедини податоци од работењето и односите во јавното претпријатие можат да се прогласат за деловна тајна и истите можат да се соопштат на трети лица под услов на начин пропишан со закон и посебен акт донесен од страна на Управниот одбор.

## XVII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 55**

Измените и дополнувањата на овој статут ќе ги врши управниот одбор на начин и постапка како и при неговото донесување.

Толкувањата на одредбите на овој статут ги врши управниот одбор.

**Член 56**

Останатите акти на јавното претпријатие да се усогласат со статутот во рок од 60 дена од неговото стапување во сила.

**Член 57**

Со денот на влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на претпријатието број 0201-246 од 13.12.2005 година.

**Член 58**

Овој статут влегува во сила од денот на објавувањето на согласноста дадена од страна на Советот на Општина Делчево , во Службен гласник на Општина Делчево.

Број 0101-121/1
19.04..2019 год.
Делчево

ЈКП БРЕГАЛНИЦА - Делчево
Управен одбор
Заменик Претседател
Билјана Петровска

Јавно Комунално Претпријатие БРЕГАЛНИЦА ПО Делчево

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 точка 30 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на 24.седница, одржана на ден 07.06.2019 година, донесе

0201
Прилози
13.06.2019

13.06.2019

**ОДЛУКА**

02 180/1

**за давање согласност на Статутот**
**на ЈКП „Брегалница"-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Статутот на ЈКП „Брегалница" - Делчево бр.0101-121/1 од 19.04.2019 година.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1049 /1**
**07.06.2019 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Маневски**